**ЗАПИСНИК**
**од 06 - та седница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 17.02.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, Претседател на Советот на АААВМУ, м-р Методија Јанчески, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ (оправдано отсутен).

**На седницата присуствуваше д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Билјана П. Парлеева, Маја Дамевска, Јетон Исмаили.

**Други присутни:** Елена Костовска од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 06-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, го најави отсуството на г-дин Фетаи, објаснувајќи дека отсуство го најавил уште кога се објавил Дневниот ред за 6-та седница, со информација дека има закажано службено патување во странство и во текот на вчерашниот ден по електронска пошта уште еднаш известил дека од истите причини е спречен да присуствува на седницата. Бидејќи, седницата не можела да се одложи, г-дин Петрушевски рече дека отсуството на г-дин Фетаи го смета за оправдано.

Во врска со предложениот Дневен ред, г-дин Петрушевски ги информира членовите на Советот дека ќе има две точки под Разно со наслов: „Предлог за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка - работа: Изведба на ентериерски градежно – занатски работи во деловниот објект на Агенцијата „Палата Панко Брашнаров“ и втората точка за која непосредно пред одржувањето на седницата пристигна мислење од Владата на Република Македонија (наш.бр.01-1027/2 од 17.02.2015г.) по Нацрт-Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите.

Други предлози за измена и дополнување на дневниот ред не беа предложени.

Советот на Агенцијата, заедно со точките под Разно, едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Усвојување на Записникот од 05-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.02.2015 година.

2. Предлози за покренување на постапки за одземање на дозволи за телевизиско и радио емитување.

3. Предлог-Одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис преку ЈЕКМ мрежа што не користи ограничен ресурс, на локално ниво – општина Куманово.

4. Нацрт-Правилник за определување на должината на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

5. Нацрт-Правилник за службена облека на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 05-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 10.02.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски, објасни дека во материјалите има Предлози за покренување на постапки за одземање на дозволи за телевизиско и радио емитување за 22 медиуми, но во меѓувреме, ТРД Канал Три ДООЕЛ Дебар и ТРД „Телеканал А1„ ДООЕЛ Струмица го уплатиле надоместокот за дозволата, така да тие предлози се повлечени. Остануваат за разгледување предлозите за 20-те медиуми од кои 14 за телевизиско емитување и 6 за радио емитување. Г-дин Петрушевски даде забелешка во однос на материјалите за седница заради непрегледност и предложи во иднина, ден претходно, до членовите на Советот да биде доставен сумарен преглед на содржината на материјалите, посебно кога се работи за обемен материјал.

Г-дин Трајчевски објасни дека основа за сите 20 предлози за покренување на постапки за одземање на дозволи за телевизиско и радио емитување е не исполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно радиодифузерите не го платиле надоместокот за дозволата во рок од 30 дена од денот на доставување на фактурата, што е утврдено во Писмените извештаи за извршен административен надзор. Согласно ЗААВМУ, објасни дека во ваков случај Советот покренува постапка за одземање на дозволата, но медиумите имаат уште 15 дена да ја платат фактурата и доколку не го сторат тоа, Советот носи одлука за одземање на дозволата. Даде дообјаснување до членовите на Советот кои се во новиот состав дека се работи за исти радиодифузери кои секоја година се повторуваат и го плаќаат надоместокот во крајниот рок, а кај дел од нив и се одземала дозволата, па потоа вршеле уплата, па се покренувала постапка за враќање на дозволата.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-397/1 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ Скопје, бр.08-13 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за

аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1067/1 од 11.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговско радиодифузно друштво ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ Скопје, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, не ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на Дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ БТР Национал Зоран ДООЕЛ Скопје, бр.08-13 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-398 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ Амазон, ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил во целост обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1066/1 од 11.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговско радиодифузно друштво ТВ Амазон ДООЕЛ Скопје, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, не ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ Амазон ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-399 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, бр.08-56 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил во целост обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1072/1 од 11.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, не ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, бр.08-56 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-400 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво Телевизија Сонце ДООЕЛ, Прилеп, бр.08-10 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1065/1 од 11.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Радиодифузното трговско друштво Телевизија Сонце ДООЕЛ, Прилеп, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, не ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво Телевизија Сонце ДООЕЛ, Прилеп, бр.08-10 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-401 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ Муслим ДООЕЛ, с.Мала Речица Тетово, бр.08-60 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил во целост обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1070/1 од 11.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ Муслим ДООЕЛ, с.Мала Речица Тетово, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, не ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СУПЕР СКАЈ Муслим ДООЕЛ, с.Мала Речица Тетово, бр.08-60 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-402 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ДАЛГА-КРТ Гордана ДООЕЛ, Куманово, бр.08-40 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во

Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1071/1 од 11.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговско радиодифузно друштво ДАЛГА-КРТ Гордана ДООЕЛ, Куманово, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, не ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ДАЛГА-КРТ Гордана ДООЕЛ, Куманово, бр.08-40 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-403/1 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радио-дифузија ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.08-18 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1068/1 од 11.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговско друштво за радио-дифузија ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, не ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на Дозволата за телевизиско емитување на Трговско друштво за радио-дифузија ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр.08-18 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-404 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво ЏЕЗ фм ЉУПЧО ДООЕЛ - Скопје, бр.08-83 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил во целост обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1074/1 од 11.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговско радиодифузно друштво ЏЕЗ фм ЉУПЧО ДООЕЛ - Скопје, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, не ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво ЏЕЗ фм ЉУПЧО ДООЕЛ - Скопје, бр.08-83 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-405 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво

Телевизија Кобра ДОО Радовиш, бр.08-28 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил во целост обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1069/1 од 11.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговско радиодифузно друштво Телевизија Кобра ДОО Радовиш, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, не ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво Телевизија Кобра ДОО Радовиш, бр.08-28 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-406 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, бр.08-102 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил во целост обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1075/1 од 11.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговско радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, не ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, бр.08-102 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-407 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, бр.08-123 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1076/1 од 11.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, не ја плати

фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Друштвото за радио дифузија ДИ-ЏЕЈ Славе ДООЕЛ Струга, бр.08-123 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-408 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-24 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1171/1 од 13.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, не ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-24 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-409 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно ТВ НОВА ДОО Гевгелија, бр.08-43 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1132/1 од 12.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговско радиодифузно ТВ НОВА ДОО Гевгелија, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, не ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на Дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно ТВ НОВА ДОО Гевгелија, бр.08-43 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-410 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, бр.08-47 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил во целост обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост

надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1129/1 од 12.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговско радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, не ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЕМИ ДООЕЛ Радовиш, бр.08-47 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-411 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс Злате, ДООЕЛ Тетово, бр.08-34 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил во целост обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1128/1 од 12.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс Злате, ДООЕЛ Тетово, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, на ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ Кисс Злате, ДООЕЛ Тетово, бр.08-34 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-412 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, бр.08-14 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1170/1 од 13.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, не ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радио дифузно друштво ТВ-ЕДО ДООЕЛ с.Љубин, Сарај, бр.08-14 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-413 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за

одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-117 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1131/1 од 12.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговско радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, на ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-117 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-414 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво за производство и емитување ЕМИ – Џевдет ДООЕЛ с.Жировница Ростуше, бр.08-99 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1172/1 од 13.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговското радиодифузно друштво за производство и емитување ЕМИ – Џевдет ДООЕЛ с.Жировница Ростуше, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, на ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво за производство и емитување ЕМИ – Џевдет ДООЕЛ с.Жировница Ростуше, бр.08-99 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-415 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското Радио – Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1173/1 од 13.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговското Радио – Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, на ја плати

фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското Радио – Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-416 од 16.02.2015 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани Долнени, бр.08-62 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил во целост обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1077/1 од 11.02.2015 година.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, писмено да го извести Трговско радиодифузно друштво ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани Долнени, доколку во рок од 15 дена од приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање, не ја плати фактурата, Агенцијата ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЛАЖАНИ ДООЕЛ с.Лажани Долнени, бр.08-62 од 05.01.2015 година.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за донесување на Одлука за доделување дозвола на Ивана Петровска. Објасни дека по првично поднесената документација, Секторите на Агенцијата доставиле забелешки дека таа не била потполна, по што била вратена до подносителот. По второто поднесување на документацијата, добиена е потврда од Стручната служба дека документацијата е потполна и уредна. Во таа насока се предлага да Советот донесе одлука за доделување дозвола на Ивана Петровска, за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на локално ниво – општина Куманово, општина Липково и општина Старо Нагоричане.

Г-дин Петрушевски, постави прашање до Директорот. Бидејќи лицето на кое му е доделена дозволата согласно Законот треба да започне со вршење на дејноста во рок од 90 дена од датумот на доделување на дозволата, праша дали по тој период од страна на Агенцијата ќе следи техничка проверка, дали емитува програма и како емитува?

Г-дин Трајчевски одговори дека по 30 дена од започнување на програмата, ќе се изврши стручен надзор, односно дали тоа што е приложено во пријавата за минимални технички, кадровски и просторни услови е исполнето. Доколку се констатира непочитување на Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за телевизиско и радио емитување, се започнува постапка за одземање на дозволата.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-394 од 13.02.2015 година и едногласно донесе Одлука за доделување дозвола на Ивана Петровска, со адреса на живеење на ул. „Козјачка" бр.42, Доброшане, 1300 Куманово, за телевизиско емитување на програмски сервис со

претежно забавен општ формат, преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, на локално ниво – општина Куманово, општина Липково и општина Старо Нагоричане, со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, Одлуката да ја достави до Ивана Петровска, со адреса на живеење на ул. „Козјачка" бр.42, Доброшане, 1300 Куманово, со цел да регистрира трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар. Во рок од 15 дена од денот на прием на регистрацијата, Агенцијата ќе ја издаде предметната дозвола.

Агенцијата во рок од 5 дена од денот на издавањето на предметната дозвола за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, ќе го извести операторот преку кој ќе се емитува програмскиот сервис, кој е должен да склучи договор со радиодифузерот во рок од 15 дена од приемот на наведеното известување.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев – Чакар, го објасни предложениот Нацрт-Правилник за определување на должината на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата. Со него се определува траењето и начинот на користење на годишните одмори на вработените.

Г-дин Јанчевски, во однос на текстот на Нацрт-Правилникот, даде забелешка во однос на вториот пасус од член 4. Имено предложи да гласи „Како ден на годишен одмор се смета секој работен ден кој според распоредот на работното време кај работодавачот за конкретниот работник одреден е како работен ден". Втората забелешка се однесуваше на член 11, и предложи врз основа на времето поминато во работен однос, зборовите „заклучно до 5 години" да се заменат со „повеќе од 6 месеци помалку од 5 години или заклучно до 5 години". Понатаму ја истакна нелогичноста во член 11 од пасусот „Должината на годишниот одмор на работникот, според критериумите наведени во членот 11 од овој Правилник, не може да биде подолг од 26 работни дена", затоа што работник со над 25 години стаж добива 7 работни дена. Од минимумот 20 се додаваат 7 и ќе бидат 27, а не 26 работни дена. Поради тоа што може да се додадат и 3 дена врз основа на здравствена состојба, теоретски должината на годишниот одмор може да биде и до 30 дена. Даде предлог овој член да се преуреди кој е во тесна врска со член 2.

Г-дин Петрушевски, предложи Советот да го усвои Нацрт Правилникот како што е предложен, додека забелешките од г-дин Јанчевски, кои ќе ги достави дополнително во пишана форма, да ги разгледа Стручната служба, и со допис да го информира што е прифатено, а што не е. Прифатените забелешки да се вградат во текстот на Предлог-Правилникот за седница.

Г-дин Јанчевски се согласи со предлогот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-1175/1 од 13.02.2015 година и едногласно донесе Нацрт-Правилник за определување на должината на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев – Чакар, го објасни предложениот Нацрт-Правилник за службена облека на вработените во стручната служба на Агенцијата. Со него се утврдува задолжително носење на службена облека, видот на службената облека, составот на службената облека и времето на нејзината употреба, на лицата за кои е предвидено.

Г-дин Фиданоски рече дека има лингвистички забелешки во однос на текстот. Како пример го издвои член 4 кој гласи „Зимската службена облека за мажи, се состои од: зимско класично одело, кошула со долги ракави и вратоврска". Во таа насока рече дека треба да се усогласат зборовите одело – во костум, сако во палто, долги ракави во куси ракави, сукња во здолниште и сл.

Г-дин Петрушевски, предложи, г-дин Фиданоски доколку може, да направи лектура на текстот на Нацрт-Правилникот.

Г-дин Фиданоски, рече доколку Секторите кои го изработиле Нацртот немаат против, притоа ценејќи го нивниот труд и стручност, ќе направи лектура на термините во согласност со македонскиот литературен јазик

Г-дин Јанчевски праша дали Нацрт-Правилникот за службена облека на вработените во стручната служба на Агенцијата, се прави само за постојната структура на вработени или воопшто и за во иднина, затоа што во него за службена облека за работник во кујна стои само за женски пол и доколку се прими работник во кујна од машки пол, правилникот и него треба да го опфати затоа што се прави дискриминација. Исто го рече и за член 8, каде возачот е маж. Г-дин Јанчевски посочи дека треба да се наведе и женска и машка варијанта на службена облека за да не се менува правилникот доколку се вработи маж место жена и обратно.

Г-дин Трајчев рече, дека не се согласува, дека во систематизацијата треба да има наведено работно место за маж или жена. Во неа се наведени работни места, во кои не е утврдено дали се од машки или женски пол. Даде предлог, Нацрт-Правилникот за службена облека на вработените во стручната служба на Агенцијата, поради тоа што е општ акт, треба да опфати случај ако утре се прими работник од различен пол од сегашното работно место, да опфаќа варијанта и за маж и за жена како работна облека а понатаму набавките ќе се вршат во зависност од моменталната ситуација на вработени во Агенцијата.

Г-дин Петрушевски предложи Нацрт-Правилникот да се усвои како што е предложен, а потоа Стручната служба да го коригира текстот со дадените забелешки од седницата. При тоа да ги известат г-дин Фиданоски, г-дин Јанчески и г-дин Трајчев, што е прифатено и што не е.

Г-дин Фиданоски, г-дин Јанчески и г-дин Трајчев, се согласија со предлогот од Г-дин Петрушевски.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-1183/1 од 13.02.2015 година и едногласно донесе Нацрт-Правилник за службена облека на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со текст како што беше предложен.

**Точка 6**
**Разно**

- Г-дин Трајчевски објасни дека врз основа на Одлуката за јавна набавка, со примена на постапката - Барање за прибирање на понуди, за предметот на јавна набавка – работата: Изведба на ентериерски градежно – занатски работи во деловниот

објект на Агенцијата „Палата Панко Брашнаров“, Оглас бр.04/2015, започна постапка за јавна набавка за наведениот предмет на набавка, со проценета вредност на договорот за јавна набавка во износ од 1.800.000,00 денари. Крајниот рок за доставување на понудите беше заклучно до 05.02.2015 година, до 12 часот. Во утврдениот рок, доставени се три понуди: на  Друштвото за градежништво трговија и услуги „МЕГА СКОП“ ДООЕЛ, увоз – извоз, Скопје, на Друштвото за вработување инвалидни лица – заштитно друштво, производство, промет и услуги „ТЕХНОИМПЕКС“ ДОО, експорт – импорт, Скопје и на Друштвото за промет, производство, промет и услуги „МАКАУС“ Благоја, ДООЕЛ, увоз – извоз, Скопје, кои беа поканети и учествуваа на е-аукцијата која беше закажана за ден 13.02.2014 година, и траеше во периодот од 10:00 часот до 12:21 часот. По спроведената е-аукција, најповолна е понудата на понудувачот Друштвото за промет, производство, промет и услуги „МАКАУС“ Благоја, ДООЕЛ, увоз – извоз, Скопје, во износ од 2.027.443,00 денари. За таа цел потребно е постојниот Годишен план за јавни набавки во 2015 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги, бр.05-6704/1 од 30.12.2014 година, согласно член 26 став 3 од Законот за јавните набавки, да се дополни, односно измени.

Раководителката на Одделението за јавни набавки и општи работи, Биљана П. Парлеева, појасни дека согласно член 28 став 4 од Законот за јавните набавки, потребно е и да се измени одлуката за потреба од јавна набавка, со што ќе се дообезбедат средства во износ од 227.443,00 денари потребни за реализација на договорот.

Г-дин Петрушевски рече дека според неговото искуство ова преставува процедура што се практикува кога малку ќе се промаши проценката на вредноста. На оваа тема разговарал со директорот пред седницата кој објаснил дека намерно е ставена пониска вредност од очекуваната, за да се стимулираат понудувачите да дадат пониски цени.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-1184/1 од 16.02.2015 година и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Фиданоски, даде одобрување за дообезбедување на средства потребни за реализација на договорот за јавна набавка - работа: Изведба на ентериерски градежно – занатски работи во деловниот објект на Агенцијата „Палата Панко Брашнаров“, а следствено на тоа и за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2015 година, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-6704/1 од 30.12.2014 година, со текст како што беше предложен.

По спроведената е-аукција, најповолна беше понудата 05-905/1 од 05.02.2015 година, на понудувачот Друштвото за промет, производство, промет и услуги „МАКАУС“ Благоја, ДООЕЛ, увоз – извоз, Скопје, во износ од 2.027.443,00 денари. На тој начин, износот на најповолната понуда за 227.443,00 денари, го надминува износот на средствата од 1.800.000,00 денари, кои за таа намена беа предвидени во Годишниот план за јавни набавки во 2015 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги и во Одлуката за потреба од јавна набавка со бр.05-6725/1 од 31.12.2014 година, што е утврдено во Извештајот од спроведената постапка по спроведување на е-аукцијата бр.05-1049/6 од 16.02.2015 година на Комисијата за јавна набавка.

Со оглед на погоренаведеното, а имајќи го предвид фактот дека цената која е утврдена по спроведената е-аукција на понудувачот Друштвото за промет, производство, промет и услуги „МАКАУС“ Благоја, ДООЕЛ, увоз – извоз, Скопје, не е понеповолна од реалните цени на пазарот за таков специфичен вид на работа и износот не го надминува вредносниот праг пропишан за соодветната постапка - барање за прибирање на понуди за работи (50.000 евра во денарска противвредност), согласно предлогот на Комисијата за јавна набавка, содржан во Извештајот од спроведената

постапка по спроведување на е-аукцијата бр.05-1049/6 од 16.02.2015 година, се прифати да се искористи можноста што е дадена во член 28 став 4 од Законот за јавните набавки, да се измени одлуката за потреба од јавна набавка, со што ќе се дообезбедат средства во износ од 227.443,00 денари потребни за реализација на договорот.

На тој начин доставената понуда ќе има третман на соодветна, односно прифатлива понуда согласно член 3 став 1 точка 25 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11, 15/13, 148/13, 160/13, 28/14, 43/14, 130/14 и 180/14).

За таа цел потребно е постојниот Годишен план за јавни набавки во 2015 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни услуги, бр.05-6704/1 од 30.12.2014 година, согласно член 26 став 3 од Законот за јавните набавки, се дополни, односно измени на следниот начин:

во Главата III. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на работи

Точката 2 која гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Изведба на ентериерски градежно – занатски работи во деловниот објект на Агенцијата „Палата Панко Брашнаров“ | | јануари 2015 | постапка со барање за прибирање понуди | 1.800.000,00 |

Се измени на следниот начин, и гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Изведба на ентериерски градежно – занатски работи во деловниот објект на Агенцијата „Палата Панко Брашнаров“ | | јануари 2015 | постапка со барање за прибирање понуди | 2.027.443,00 |

Финансиските средства за реализација на наведената постапка за доделување на предметниот договор за јавна набавка, во износ од 227.443,00 денари без вклучен ДДВ, се дообезбедија од ставката - 440 100. Изградба, реконструкција и адаптација на градежни објекти на Финансискиот план за 2015 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.05-759/1 од 30.01.2015 година.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да изготви пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2015 година и да ги преземе потребните активности согласно Законот за јавните набавки.

- Г-дин Трајчевски објасни дека Секретаријатот за законодавство во однос на Предлог-Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите, доставил 4 забелешки од кои три се технички, а една е суштинска, која не се однесува на предметниот план туку потребата дека до Владата на Република Македонија треба да се достави Одлука за давање на согласност која е приложена во материјалот по точката.

Г-дин Фиданоски, рече дека нема дилеми околу содржината, но побара појаснување во врска со влегувањето на сила на планот и Одлука за давање на согласност.

Г-дин Трајчевски објасни дека Планот влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување, што значи по добивање согласност од Владата на Република Македонија, планот ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и осмиот ден по објавувањето ќе стапи во сила.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-1257/1 од 17.02.2015 година и едногласно донесе Предлог-План за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите, со текст како што беше предложен.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, Одлуката за давање согласност на Планот за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите, да ја достави до Владата на Република Македонија.

**Бр.02-1174/28**
**04.03.2015 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ, с.р.**